**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

# Извештај за работата на Националниот совет за евроинтеграции септември 2008 - декември 2009 година

декември 2009 година

Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

Основањето на Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) во рамките на Собранието на Република Македонија имаше за цел да ги засили активностите и одговорностите на сите надлежни државни органи и институции во обезбедувањето на заедничка согласност и координирано дејствување во пристапниот процес на Македонија во ЕУ. Советот претставува платформа која овозможува учество на сите општествени фактори во креирањето и следењето на евроинтеграцијата на државата. Во неговата работа учествуваат претставници на законодавната и извршната власт (на централно и на локално ниво), како и претставници на граѓанското општество, сфатено во поширока смисла на зборот – Македонската академија на науките и уметностите, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), стопанските комори, синдикатите, верските заедници и Граѓанската платформа.

Во својата работа Националниот совет ги прифати и промовира клучните европски постулати „обединети во разликите" отвореност и инклузивност. Имено, составот на Советот ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество кои се обединети во заедничката цел – членство во Европската унија. Советот, без исклучок, работеше на отворени седници кои беа директно пренесувани и покриени од сите заинтересирани медиуми во Република Македонија. Дополнително, во своите активности, Советот направи напор за поголемо вклучување на сите заинтересирани страни во дебати во најважните секторски прашања и политики, преку организирање на отворени јавни расправи, на форуми многу пошироки од составот на самиот Совет.

Согласно со Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции донесена на 19 ноември 2007 година („Службен весник на Република Македонија" број 140/2007), Советот го известува Собранието на Република Македонија за својата работа најмалку два пати годишно.

Овој извештај се однесува на работата на Советот за периодот од 15 септември 2008 до 22 декември 2009 година.

Во Извештајот се презентирани:

- правната рамка за основање, состав и работа на Советот,
- одржани седници на Националниот совет за евроинтеграции,
- јавни расправи во организација на Националниот совет за евроинтеграции,
- остварена меѓународна соработка на Советот,
- оцените од работата на Националниот совет и заложби за активностите што претстојат,
- присуство на членовите и претставниците на седниците на Националниот совет, организираните јавни расправи и одржани средби од меѓународен карактер и нивно учество во дискусиите и
- Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

**ПРАВНА РАМКА ЗА ОСНОВАЊЕ, СОСТАВ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

Актуелниот состав на Националниот совет за евроинтеграции е определен со Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 25 август 2008 година („Службен весник на Република Македонија" број 106/2008), со Одлуката за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 24 ноември 2008 година („Службен весник на Република Македонија" број 147/2008), Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 15 јуни 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" број 76/2009) и Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции донесена на 25 август 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" број 106/2009).

Претседателот на Советот е од редовите на парламентарните партии во опозиција, а потпретседателот од парламентарните партии во позиција. Советот има 17 члена и тоа: по четири члена од парламентарната позиција и опозиција, а членови по функција се претседателот на Комисијата за европски прашања, претседателот на Комисијата за надворешна политика и копретседателот на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија и Европската унија.

Членови на Националниот совет се и заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и по еден претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, од Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа и од Здружението на новинарите. Овие членови учествуваат во работата на Советот без право на одлучување.

Согласно со членот 5 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции, во работата на Советот учествуваат номинирани претставници од стопанските комори, синдикатите, верските заедници и граѓанската платформа.

Начинот на работа, правата и обврските на претседателот, потпретседателот и членовите на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот се уредени со Деловникот на Националниот совет за евроинтеграции, донесен на седницата одржана на 31 јануари 2008 година.

Согласно со членот 4 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

## ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во Извештајниот период од 15 септември 2008 до 22 декември 2009 година Националниот совет за евроинтеграции одржа 9 седници, 10 јавни расправи и 17 средби со претставници на европските институции, официјални претставници на земјите членки на Унијата и на други европски држави.

На Првата седница одржана на 15 септември 2008 година Советот го разгледа **Извештајот за степенот на реализација на главните приоритети од партнерството за пристапување**. Националниот совет за евроинтеграции се запозна со содржината на документот и донесе заклучок со кој ги советува сите институции задолжени за реализација на приоритетите да вложат дополнителен напор во претстојниот период за спроведување на мерките и активностите.

На Втората седница одржана на 22 октомври 2008 година Советот го разгледа документот **Клучни поенти од текот на дијалогот за либерализација на визниот режим меѓу Европската комисија и Република Македонија**.

По однос на точката, едногласно беше заклучено дека Националниот совет за евроинтеграции:

- смета дека визната либерализација е важен приоритет за Република Македонија и нејзините граѓани,
- ја разгледа Информацијата за клучните поенти од текот на дијалогот за либерализација на визниот режим меѓу Европската комисија,
- го поздрави напредокот кој Република Македонија го постигнува во исполнувањето на обврските,
- ги повикува институциите да остварат поголема соработка и да ги исполнат бараните реформи,
- ќе се вклучи во исполнувањето на сите обврски кои Република Македонија ги презеде и
- ќе се вклучи во поширока дипломатска активност со земјите членки на Европската унија, при што ќе ги застапува придобивките од промената на визниот режим за двете страни.

На истата седница, на барање на г. Роберт Поповски, претседател на Здружението на новинари на Македонија, Советот го разгледа **Барањето од Здружението на новинари на Македонија да се поддржат заложбите и реакциите кои се однесуваат на начинот на кој властите на Република Грција постапија кон македонските новинари,** и ги донесе следниве заклучоци:

- го поддржа барањето на Здружението на новинари на Македонија во кое е укажано Република Грција да го промени начинот на однесување кон македонските новинари, јавно да се извини за настанатиот инцидент и во иднина да овозможи непречено остварување на нивните професионални обврски и
- препорача ова прашање да биде отворено на следната средба на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-Република Македонија.



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

На Третата седница одржана на 12 ноември 2008 година Советот го разгледа **Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година**. На седницата присуствуваше и г. Јан Трушчински, заменик директор на Директоратот за проширување на Европската комисија. Советот ги донесе следниве заклучоци:

1. Националниот совет за евроинтеграции смета дека оценките и коментарите содржани во Извештајот се одраз на реалните состојби во Република Македонија за постигнатите резултати во 2008 година во процесот на нејзино интегрирање во Европската унија.
2. Поаѓајќи од стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија, Советот укажува на потребата од континуирана поддршка на процесот и од засилено ангажирање на сите надлежни субјекти во насока на целосно исполнување на бараните критериуми.
3. Советот се залага, надлежните субјекти, со сета сериозност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот и да се обврзат за надминување на слабостите, особено во делот на политичките критериуми за членство во Европската унија.
4. Советот го нагласува значењето од континуирани реформски процеси во сите области од општественото живеење, како и од засилување на административните капацитети, потребни за целосно и ефикасно спроведување на реформите.
5. Советот истакнува дека во исполнувањето на поставените задачи, потребно е во континуитет, позитивно да се афирмира Република Македонија како идна членка на Европската унија.
6. Советот укажува на потребата да продолжат транспарентно да се одвиваат процесите за пристапување на Република Македонија кон Европската унија.
7. Советот ја нагласува потребата од интензивирање на регионалната соработка на Република Македонија, соработката со земјите членки на ЕУ што не поддржуваат на патот на нашето интегрирање, како и од унапредување на политичкиот дијалог со структурите на Унијата.
8. Советот предлага за Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2008 година да расправа Собранието на Република Македонија по претходна расправа во собраниските комисии и да донесе свои заклучоци.
9. Со мислењата и предлозите на Националниот совет за евроинтеграции по Извештајот на Европската комисија да бидат запознати Собранието и Владата на Република Македонија.
10. Советот ќе продолжи и во иднина ангажирано и континурано да ја остварува улогата на форум којшто придонесува за унапредување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија.

По иницијатива на Националниот совет за евроинтеграции, а врз основа на овие заклучоци, Собранието на Република Македонија на 15 декември 2008 година донесе Резолуција за приоритетите во 2009 година за пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

На Четвртата седница одржана на 19 декември 2008 година Советот ја разгледа **Скицата за реализација на препораките содржани во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година** и донесе заклучок сите предлози и мислења кои ќе бидат искажани од страна на присутните членови и претставници да бидат доставени до Владата на Република Македонија и земени предвид при ревидирање и реализирање на Скицата.

На истата седница Советот со консензус го донесе **Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2009 година**, во кое им препорача на Собранието на Република Македонија и на неговите работни тела да дадат приоритет во разгледувањето и донесувањето на законите предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2009 година, а се дадени во Анекс 1.

Советот ги поздрави преземените активности од страна на Владата и надлежните институции, што се однесуваат на подобрување на фазата на подготовка на закони, со препорака овие активности да се одвиваат континуирано. Истовремено, Советот укажа на неопходноста од почитување на Деловникот на Собранието на Република Македонија кога станува збор за донесување на закони по скратена или итна постапка.

Во насока на поголема инклузивност и транспарентност при донесувањето на законите, Советот презеде обврска за организирање јавни расправи за законите кои се дадени во Анексот 2 од Мислењето *(Прилог: Мислење, Анекс 1 и Анекс II).*

Во периодот февруари-април 2009 година, Националниот совет (како и Собранието и неговите работни тела) не одржуваше седници поради одржувањето на претседателските и локалните избори. Единствен исклучок од ова правило беа средбите кои беа дел од меѓународната соработка.

На Петтата седницата одржана на 6 мај 2009 година, Националниот совет за евроинтеграции ја разгледа **Националната програма за усвојување на правото на ЕУ- ревизија 2009 година.**

По однос на точката, Националниот совет за евроинтеграции со консензус ги донесе следните заклучоци:

1. Во насока на поголемо вклучување и информирање за процесот на реализација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009 година, Националниот совет за евроинтеграции заклучи дека е потребно Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија на секои три месеци до Националниот совет за евроинтеграции и до Комисијата за европски прашања да доставува Извештај за реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009 година;
2. Националниот совет за евроинтеграции укажува на потребата за навремено реализирање на сите законски, административни и буџетски обврски што произлегуваат од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009 година;



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

3. Согласно предвидените рокови за донесување на законските проекти на Владата на Република Македонија, Советот смета дека е неопходно навремено доставување на работните текстови на законите, со цел Советот соодветно да ја реализира преземената обврска за организирање на јавни расправи по определени закони, утврдени во Анексот 2 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2009 година;
4. Врз база на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009 година, Националниот совет за евроинтеграции го ревидира Анексот 1 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2009 година, донесено на седницата на Советот одржана на 19 декември 2008 година.
5. Овие заклучоци заедно со забелешките на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции изнесени на седницата да се достават до Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија и да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија.

На Шестата седница одржана на 2 јуни 2009 година Националниот совет за евроинтеграции расправаше за **Реализацијата на главните приоритети за пристапување во Европската унија и на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ.** На седницата беше разгледана Информацијата за реализацијата на главните приоритети од Партнерството за пристапување, изготвена од Секретаријатот за европски прашања.

Националниот совет ја закажа Седмата седница за 11 септември 2009 година, на која требаше да се разгледа **Претпристапната економска програма 2009-2011**, но седницата не се одржа поради неможноста претставник на Владата на Република Македонија да ја претстави и образложи истата. До овој период не е добиена потврда од претставник на Владата за терминот на одржување на седницата.

На Осмата седница одржана на 17 септември 2009 година Националниот совет за евроинтеграции ја разгледа **Информацијата за Инструментот за претпристапна помош (ИПА) - факти, статус, поставеност,** изготвена од Секретаријатот за европски прашања. Националниот совет за евроинтеграции го сугерираше следното,

- Инструментот за претпристапна помош треба Република Македонија да ја подготви за членството во Европската унија, како и за користење на европските структурни фондови. Дебатите на оваа тема се особено важни и треба да се интензивираат. Административните капацитети на Република Македонија за користење на европските фондови мора итно да се зајакнат за да може државата да ги исполни економските критериуми и да се справи со силната конкуренција во Европа.
- Владата на Република Македонија треба да има проактивен однос во консултирањето со сите заинтересирани субјекти, особено при проектирањето и подготовката на годишните ИПА програми и особено



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

во информирањето на граѓаните и невладиниот сектор за тековните и идните проекти на ИПА. Во оваа насока е неоходно да се креира посебна веб страница како централизирано место преку кое ќе може да се добиваат сите потребни информации за ИПА.

На Деветтата седница одржана на 22 октомври 2009 година Националниот совет за евроинтеграции го разгледа **Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година**. Националниот совет ги донесе следниве заклучоци:

1. Националниот совет за евроинтеграции ја поздравува препораката на Европската комисија за почеток на преговори за членство на Република Македонија во Европската унија и истакнува дека пораките од Стратегијата за проширување и главите предизвици 2009-2010, даваат силен поттик на процесот на интеграција во Европската унија, за продолжување на политичките и економските реформи на Република Македонија како и на земјите од регионот.
2. Советот смета дека оцените и коментарите содржани во Извештајот се одраз на реалните состојби во Република Македонија за постигнатите резултати во 2009 година во процесот на нејзино интегрирање во Европската унија, за преземените одлуки, мерките кои се имплементирани и усвоените законски акти.
3. Советот се залага надлежните субјекти со сета сериозност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот и да се обврзат за надминување на слабостите, особено за зајакнување на административниот капацитет за континуирано спроведување на реформите со цел преземање на обврските од претпристапните преговори. Во оваа насока, Советот предлага Владата на Република Македонија итно да изготви Акционен план за реализација на препораките содржани во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2009 година, со носители и рокови на реализација (до крајот на месец декември 2009 година).
4. Имајќи ја предвид стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија, Советот укажува на потребата од континуирана поддршка и соработка во процесот на интеграција, засилено мобилизирање и вклучување на целокупното општество, преку сите надлежни институции и субјекти во насока на преземање на одговорностите од претпристапните преговори. Советот препорачува итно формирање на преговарачки тимови и изготвување на предлог стратегија за преговори, во чие изготвување ќе се вклучи и Националниот совет за евроинтеграции.
5. Во периодот до одржување на седницата на Советот на ЕУ во декември 2009 година, Советот укажува на потребата од активно вклучување на целокупниот потенцијал на државата во добивање на датум за почеток на преговори, како и ефикасни подготовки за реализацијата на сите активности кои ќе следат по добивањето на датумот.



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

6. Се истакнува дека одржувањето на добрососедски односи, вклучувајќи и изнаоѓање заеднички прифатливо решение за името под закрила на Обединетите нации, останува клучно и суштинско прашање во следната фаза од евроинтегративниот процес. Во оваа насока, Националниот совет за евроинтеграции, како тело коешто го претставува општиот консензус за членството во Европската унија, останува на располагање за консултации околу можното решение.
7. Советот ја нагласува потребата од одржување и интензивирање на регионалната соработка на Република Македонија, соработката со земјите членки на ЕУ што не поддржуваат на патот на нашето интегрирање, како и од унапредување на политичкиот дијалог со структурите на Унијата.
8. Советот истакнува дека во исполнувањето на поставените задачи потребно е во континуитет, позитивно да се афирмира Република Македонија како идна членка на Европската унија.
9. Советот ќе продолжи и во иднина ангажирано и континурано да ја остварува улогата на форум кој што придонесува за унапредување и одржување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија.
10. Со заклучоците на Националниот совет за евроинтеграции по Извештајот на Европската комисија да бидат запознати Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија.
11. Заклучоците на Советот да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија за да бидат достапни до пошироката јавност.

Десеттата седница се одржа на 15 декември 2009 година и на неа присутните расправаа за **Европската интеграција на Република Македонија по заклучоците на Советот на Европската унија од 8 декември 2009 година**.

## ЈАВНИ РАСПРАВИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во насока на поголема инклузивност и транспарентност во процесот на подготовка и донесување на законите предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2009 година, Советот согласно донесеното Мислење за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2009 година, презеде обврска да организира јавни расправи за законите за кои смета дека е потребна широка дебата, со цел давање можност за искажување на ставовите и мислењата на сите заинтересирани субјекти (Анекс 2 од Мислењето за усвојување на правото на ЕУ за 2009 година).

Во организирањето на овие јавни расправи, Националниот совет се водеше од принципот на поголема вклученост и отвореност. Имено, јавните расправи се организираа во партнерство со соодветни професионални и граѓански организации специјализирани во соодветниот домен. Дополнително беа



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

направени напори да се поканат сите заинтересирани страни, како и експерти од академските и стручните институции.

На 19 февруари 2009 година Националниот совет за евроинтеграции заеднички со Стопанската комора на Македонија организираа посебна јавна расправа на тема **„Справување со кризата – функционални мерки за одржлив развој".** На расправата се дискутираше за прашањата кои сериозно го загрижуваат и влијаат врз македонското стопанство и економијата, последиците со кои се соочува државата, како и за преземените мерки за справување со ефектите од светската економска криза.

Националниот совет за евроинтеграции заеднички со сојузот "Македонија без дискриминација" на 14 април 2009 година организираа јавна расправа по **Предлогот на работниот текст на законот за заштита од дискриминација, на тема "Европските политики за заштита од дискриминација во Република Македонија".** Јавната расправа претставуваше можност заинтересираните субјекти да ги изнесат согледувањата за состојбата во Република Македонија во областа на остварување на правото на заштита од дискриминација, како и можност да се изнесат мислења, предлози, сугестии и забелешки за подобрување на предлогот на работниот текст на законот за заштита од дискриминација. На јавната расправа беа презентирани предлог-заклучоци кои Националниот совет за евроинтеграции ги разгледа и истите ги усвои на Петтата седница одржана на 6 мај 2009 година.

Националниот совет за евроинтеграции на 19 мај 2009 година, заедно со Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија организираа јавна расправа по **Предлогот на законот за меѓуопштинска соработка.** На јавната расправа беа изнесени предлози и забелешки за подобрување на одредбите на Предлогот на законот и во насока на обезбедување на поквалитетно и поефикасно остварување на заедничките интереси и заедничките работи од надлежност на општините, како и подобрување на условите за меѓуопштинска соработка. Советот ги усвои заклучоците на Шесттата седница одржана на 2 јуни 2009 година.

На 14 јули 2009 година Националниот совет организираше јавна расправа по **Работниот текст на Предлогот на законот за бесплатна правна помош**. Јавната расправа претставуваше можност заинтересираните субјекти да изнесат согледувања за состојбата во Република Македонија во областа на остварување на правото на бесплатната правна помош. Од учесниците на јавната расправа беше поздравена иницијативата за донесување на посебен закон за бесплатна правна помош, при што беа изнесени предлози и забелешки за подобрување на одредбите на работната верзија на Предлогот на законот, во насока на поквалитетно и поефикасно остварување на правото на бесплатната правна помош.

На 22 јули 2009 година Националниот совет организираше јавна расправа по **Работната верзија на законот за кривична постапка** и **Предлогот на**



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

**законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик**. Јавната расправа претставуваше можност заинтересираните субјекти да изнесат согледувања за состојбите во државата во областа на водењето на кривичната постапка и практичната примена на Кривичниот законик. Имајќи го предвид значењето на реформата на казненото право, со новите решенија во законот за кривична постапка и измените и дополнувањата на Кривичниот законик, како и нивната доследна имплементација, казнено-правниот систем во Република Македонија треба да стане поефикасен, да се зајакнат капацитетите за борба против криминалот и гарантирање на заштита на правата и слободите на граѓаните.

На 31 јули 2009 година Националниот совет организираше јавна расправа по **Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за спречување судир на интереси**. Учесниците ја поздравија иницијативата на Националниот совет за организирањето на јавната расправа, а во текот на истата беа изнесени предлози и забелешки за подобрување на одредбите на Предлогот на законот.

На 27 август 2009 година Националниот совет организираше јавна расправа по **Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници**. На јавната расправа беа изнесени согледувања за состојбата во Република Македонија во областа на државната администрација, како и предлози, коментари и забелешки во однос на текстот на одредбите од Предлогот на законот.

На 4 септември 2009 година Националниот совет организираше јавна расправа по **Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи.** На јавната расправа заинтересираните субјекти изнесоа согледувања за состојбата во Република Македонија во областа на работните односи, како и по однос на текстот на одредбите од Предлогот на законот.

Националниот совет за евроинтеграции на 26 ноември 2009 година, заедно со Фондацијата Фридрих Еберт организираа јавна расправа на тема **"Политиките за унапредување на животната средина во Република Македонија".** На јавната расправа беа пренесени искуствата на Федералната држава Саксони Анхалт во Германија во областа на политиката и законодавството за животната средина. Исто така, се изнесоа мислења и забелешки за унапредување на животната средина и за подобрување на спроведувањето на законодавството.

На 22 декември 2009 година беше организирана јавна расправа по **Работната верзија на Предлогот на законот за авторското право и сродните права**.

Советот на Десеттата седница ги усвои заклучоците од јавните расправи организирани по работната верзија на Предлогот на законот за бесплатна правна помош, Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

спречување судир на интереси, Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници, Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, Предлогот на законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, заедно со Работната верзија на законот за кривичната постапка и од јавната расправа организирана на тема "Политиките за унапредување на животната средина во Република Македонија".

Искуството со организирање јавни расправи покажа дека постои голема потреба и интерес за пошироко дебатирање на законите пред истите да влезат во собраниска процедура. Притоа, во текот на 2009 година, Националниот совет организираше расправи по сите закони од Анексот 2 на Мислењето кои беа доставени од страна на Владата на Република Македонија. Законите чии работни верзии се уште не се доставени од страна на Владата на Република Македонија, ќе бидат разгледани од страна на Советот во текот на 2010 година. Главната слабост во овој период беше тоа што само четири закони беа разгледани во работна верзија, додека останатите закони беа разгледувани откако беа влезени во собраниска процедура што ја намалуваше целисходноста и ефикасноста на јавните расправи.

## ОСТВАРЕНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции оствари широка меѓународна соработка со претставнци на европските институции, на официјални претставници на земјите членки на Унијата и на другите европски држави.

1. на 16 септември 2008 година остварена средба со г-ѓа Барбара Борота, државен секретар за европски прашања на Република Словенија;
2. на 1 октомври 2008 година остварена средба со г-ѓа Ангелика Беер, пратеник во Европскиот парламент;
3. на 27 октомври 2008 година остварена средба со г-ѓа Сесилија Малстром, министер за ЕУ на Кралството Шведска;
4. на 3 ноември 2008 година остварена средба со г. Серхиј Холоватија, претседател на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите членки на Советот на Европа;
5. на 27 јануари 2009 остварена средба со г-ѓа Каролина Флинт, државен министер за Европа во Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска;
6. на 10 март 2009 година Националниот совет за евроинтеграции оствари средба со Н.Е. г. Мирек Тополанек, претседател на Европскиот совет и претседател на Владата на Чешката Република. Посетата на г. Тополанек беше прва посета на премиерско ниво на земја претседавач со ЕУ;
7. на 9 април 2009 година остварена средба со г-ѓа Ангелика Беер, пратеник во Европскиот парламент;



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

8. на 28 април 2009 година остварена средба со г. Кристијан Хедберг, раководител на Одделот за Република Македонија на Директоратот за проширување на Европската комисија;
9. на 15 мај 2009 година претседателот и три членови на Советот остварија средба со претставници на печатени и електронски медиуми од земјите членки на ЕУ;
10. на 19 мај 2009 година остварена средба со г. Пржемисл Соботка, претседател на Сенатот на Парламентот на Република Чешка;
11. на 28 мај 2009 година остварена средба со г. Бјорн Лурвал, политички директор на Министерството за надворешни работи на Кралството Шведска;
12. на 8 јуни 2009 година остварена средба со делегација на Комисијата за европски прашања на Саборот на Република Хрватска;
13. на 16 јуни 2009 година остварена средба со г. Луис Мариа де Пуч, претседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа;
14. на 23 јули 2009 година одржана средба со г. Оли Рен, комесар на Европската комисија за проширување, заедничка средба на Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешни прашања и Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ;
15. на 2 септември 2009 година остварена средба со г. Јан Кохут, вицепремиер и министер за надворешни работи на Република Чешка;
16. на 9 октомври 2009 година остварена средба со г. Ролф Мафаел, директор и ополномоштен за начелни прашања за проширување на Европската унија во Германското министерство за надворешни работи и
17. на 18 декември 2009 година остварена средба со пратениците од Европскиот парламент г-ѓа Тања Фајон (известител за визната либерализација) и г-н Зоран Талер (специјален известувач за Република Македонија).

## ОЦЕНИ ОД РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ЗАЛОЖБИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ ШТО ПРЕТСТОЈАТ

Во извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции во најголем дел расправаше по документи на Владата и на Европската комисија, со цел конструктивно да придонесе во остварувањето на стратешкиот интерес на Република Македонија за интегрирање во ЕУ, за која е постигнат широк политички и граѓански консензус.

Работата на Советот се движеше во насока да се нагласи широкиот јавен интерес, да се афирмира вкупната согласност за интегративниот процес, да се зајакне заедничката одговорност и да се развиваат оптимални политички услови за заокружување на подготовките за членство во ЕУ, пред сé, заради членство на Република Македонија во ЕУ и исполнување на потребните критериуми и добивање датум за отпочнување преговори со Унијата.



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

Може да се оцени дека во овој период Советот, во рамките на својата поставеност и со расположливите потенцијали, работеше ефикасно постигнувајќи консензуална согласност по сите прашања за кои одлучуваше. Консензуалната природа на одлучувањето во Советот, за жал, предизвика и отсуство на дебата по одредени точки за кои не можеше да се постигне целосна согласност.

Националниот совет за евроинтеграции ја унапредува својата отвореност кон јавноста и отчетноста и со својата политика на транспарентност кон поширокиот граѓански сектор.

Националниот совет беше информиран дека НВО Инфоцентарот во соработка со Македонскиот центар за европско образование реализира мониторинг на неговата работа со следење и анализирање на активностите на Советот.

Во периодот што претстои, Националниот совет за евроинтеграции ќе продолжи подинамично да делува како активен чинител во процесот за заокружување на подготовките за членство на РМ во ЕУ. Своите заложби особено ќе ги насочи кон унапредување на формите на координирана соработка со надлежните државни органи и со граѓанскиот сектор, проширување на дијалогот, организирање на јавни расправи по респективни теми, интензивирање на меѓународната соработка во земјата и во странство по прашања за евроинтеграциите и обезбедување на висок степен на транспарентност во својата работа.

Националниот совет за евроинтеграции констатира дека е потребно да се обезбеди поголемо присуство на членовите и претставниците на Советот на средбите од меѓународен карактер со цел да се покаже поголема сплотеност и единственост во процесот на европската интеграција на Република Македонија.

Советот ќе продолжи да настојува да обезбеди поактивна улога на Собранието на Република Македонија во евроинтегративните процеси и ќе продолжи и во иднина ангажирано и континуирано да ја остварува улогата на форум којшто придонесува за унапредување и одржување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија.

*Процена на ефектите од заклучоците на седниците на Националниот совет за евроинтеграции одржани во периодот септември 2008 - декември 2009 година*

Европската комисија во Извештајот за напредокот за 2008 година, забележа дека со своето работење Советот дава значаен придонес во градењето на консензус во однос на Европската унија.



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

Националниот совет дискутираше за степенот на реализација на главните приоритети од Партнерството за пристапување. Учесниците во дискусиите ги советуваа институциите, согласно нивните надлежности, да вложат дополнителни напори во спроведувањето на мерките и активностите за реализација на главните приоритети. Согласно оцените дадени во Извештајот евидентно е дека институциите вложија дополнителни напори.

Националниот совет за евроинтеграции ја оцени визната либерализација како важен приоритет за Република Македонија и нејзините граѓани и во таа насока го поздрави напредокот кој Република Македонија го постигнува во исполнувањето на обврските. Советот ги повика институциите да остварат поголема соработка и да ги исполнат бараните реформи. Советот презеде обврска да се вклучи во исполнувањето на преземените обврски, со тоа што ќе се вклучи во поширока дипломатска активност со земјите членки на Европската унија, при што ќе ги застапува придобивките од промената на визниот режим за двете страни. Со оглед на тоа дека членовите и претставниците на Советот се личности кои претставувајќи ги своите институции и организации имаат постојани контакти и средби со влијателни личности во европските институции и оние кои се креатори на политиките на ЕУ, членовите и претставниците на Советот засилено продолжија да остваруваат средби и да учествуваат на меѓународни настани промовирајќи ја Република Македонија како држава која ги исполнува условите за визна либерализација, со што дадоа свој значаен придонес кон Одлуката на Советот на ЕУ за укинување на визниот режим кон Република Македонија.

Во однос на Барањето од Здружението на новинари на Македонија да се поддржат заложбите и реакциите кои се однесуваат на начинот на кој властите на Република Грција постапија кон македонските новинари, по препорака на Советот ова прашање беше отворено на Петтиот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-Република Македонија кој се одржа на 27 и 28 ноември 2008 година во Скопје.

По препорака на Советот, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 15 декември 2008 година расправаше за Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија во 2008 година. Работните тела во Собранието претходно го разгледаа Извештајот, согласно своите надлежности и области кои ги опфаќаат и до Собранието доставија извештаи со заклучоци. Собранието ја донесе Резолуцијата за приоритетите во 2009 година за пристапување на Република Македонија во Европската унија. Овој напредок беше забележан и во Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија за 2009 година (II Политички критериуми, 2.1 Демократија и владеење на правото, Собрание).

Согласно со усвоеното Мислење за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2009 година на Советот, Собранието на Република Македонија и неговите работни тела дадоа приоритет во разгледувањето и донесувањето на законите предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2009 година, што беа доставени и предложени од Владата на Република Македонија (од Анексот 1). Советот во април 2009 година започна со организирање на јавни расправи во соработка со невладини организации и други институции при што ја покажа својата транспарентност и интерес за



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

учество во расправите на што поголем број на заинтересирани субјекти. Ова беше поздравено од голем број учесници на јавните расправи кои со конкретни предлози и забелешки придонесоа дел од предложените законски решенија да се подобрат (подетална анализа е дадена во делот кој се однесува на процената на ефектите од одржаните јавни расправи на НСЕИ).

Во однос на заклучоците на НСЕИ од Петтата седница по Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009 година, евидентно е дека Секретаријатот за европски прашања го нема запазено рокот за доставување на тримесечни извештаи за реализација на НПАА 2009, односно рокот е пролонгиран, а извештаите беа доставувани на шест месеци. Собранието на Република Македонија во 2009 година донесе 46 закони со европски предзнак предложени од Владата, а до крајот на декември 4 закони со европски предзнак беа во собраниска процедура. Во функција на организирање на јавните расправи на НСЕИ согласно со Анексот 2 од Мислењето за усвојување на правото на ЕУ за 2009 година, до Советот беа доставени работни верзии на четири предлог на закони, а пет закони беа разгледани на јавните расправи на НСЕИ во форма на предлог на закони (со веќе отпочната собраниска процедура).

Советот го разгледа Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година и со консензус усвои заклучоци со кои беа запознати Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија. Овие заклучоци претставуваа основа и се содржани во заклучоците кои Собранието ги усвои на 78-та седница одржана на 27 октомври 2009 година на која се дебатираше по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година.

*Процена на прифатени заклучоци од јавните расправи на Националниот совет за евроинтеграции организирани во текот на 2009 година*

Согласно со донесеното Мислење за усвојување на правото на Европската унија во 2009 година и Анексот 2, Националниот совет за евроинтеграции во текот на 2009 година (април-декември) организираше јавни расправи по сите закони кои беа доставени од страна на Владата на Република Македонија. Позитивна оцена е дека Советот во голем дел ја реализираше преземената обврска од Анексот 2 и од 14 планирани закони организираше јавни расправи за 9 законски проекти.

Во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2009 година се наведува дека *"Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања продолжија да промовираат јавни расправи, со што го зголемија учеството на граѓанското општество".*

Заклучоците на НСЕИ по предлогот на работниот текст на законот за заштита од дискриминација, се доставени до Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика и надлежната собраниска



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

комисија. Во периодот опфатен со овој Извештај, во Министерството сé уште траат разговорите со невладините организации од областа на заштитата од дискриминација, за бројот на членовите во комисии и воспоставувањето на соодветно тело за заштита. За овој закон Министерството за труд и социјална политика прифати поголема вклученост на невладините организации и во текот на 2010 година ќе врши дополнителни консултации со заинтересираните страни.

Законот за меѓуопштинска соработка беше донесен во Собранието на Република Македонија на 17 јуни 2009 година. Заклучоците од јавната расправа организирана на 19 мај 2009 година биле земени предвид од Министерството за локална самоуправа и истите придонеле за подобрување на текстот на Законот. Во точката 3 од заклучоците, Националниот совет препорача *"Владата на Република Македонија да ги преоцени финансиските импликации на Законот за меѓуопштинска соработка врз Буџетот на Република Македонија, во делот на финансиското поттикнување на меѓуопштинската соработка, доколку истата се поддржува во текот на 2009 година"*. Во периодот од донесувањето на Законот до крајот на 2009 година, меѓуопштинската соработка не беше поддржана со буџетски средства. Во Буџетот на Република Македонија во разделот на Министерството за локална самоуправа се предвидени средства за поттикнување на меѓуопштинската соработка за 2010 година.

Законот за бесплатна правна помош беше донесен во Собранието на Република Македонија на 29 декември 2009 година. Во заклучоците НСЕИ препорача дека "*донесувањето на Законот за бесплатна правна помош ќе придонесе за зголемување на пристапот до правдата на сите граѓани во државата, до институциите на системот без оглед на нивната материјална состојба, за подобрување на правната заштита и сигурноста на субјектите, за запознавање, остварување и за овозможување на ефективна правна помош"*. Донесувањето на посебен закон за бесплатна правна помош е и согласно укажувањата од Аналитичкиот извештај по мислењето за барање на Република Македонија за членство во Европската унија, од 9 ноември 2005 година. НСЕИ го разгледа законот во форма на Предлог на закон, кој потоа во законодавната постапка беше изменет и дополнет со девет амандмани со кои се опфатени и дел од заклучоците од јавната расправа. Со амандманите беа предвидени решенија со кои појасно и попрецизно се дефинираат лицата кои ќе можат да користат право на бесплатна правна помош, а не се државјани на Република Македонија. Подрачните одделенија на Министерството за правда можат да даваат претходна правна помош доколку ги исполнуваат условите утврдени со овој закон. Со цел да се зголеми транспарентноста, Министерството на секои три месеци е должно да објавува ажурирана листа на овластени здруженија на граѓани за давање на бесплатна правна помош. Роковите за комплетирање на документите се скратени и постапката за барање на бесплатна правна помош се третира како итна постапка. Против донесените решенија може да се поведе управен спор пред надлежен суд. Исто така, со решенијата кои беа предложени со амандманите намалено е дискреционото право на министерот, а зголемена е надзорната моќ на Собранието на Република Македонија со воведување на



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

обврска, годишниот извештај, Владата на Република Македонија во рок од 30 дена по усвојувањето да го доставува до Собранието на Република Македонија.

Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик на 10 септември 2009 година. Усвоените амандмани на Предлогот на законот се од технички карактер, со цел за подобрување и допрецизирање на текстот на Законот. Измените и дополнувањата на Кривичниот законик даваат добра основа за ефикасно справување со повеќе специфични облици на корупцијата, зајакнување на казнено-правната рамка и ефикасноста во работењето на институциите надлежни за заштита на слободите и правата во државата, приближување на казнено-правниот систем на Република Македонија до европските стандарди, што претставува и клучен услов за интеграцијата во Европската унија. Во однос на заклучоците од јавната расправа на НСЕИ по работната верзија на законот за кривичната постапка, истите заедно со стенографските белешки се доставени до Владата на Република Македонија и до Министерството за правда и истите биле поделени на работните групи. Подготовката на законот е во тек.

Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување судир на интереси беше донесен во Собранието на 10 септември 2009 година. Во текстот на Предлогот на законот земен е предвид заклучокот од јавната расправа на НСЕИ кој се однесува на воведување на обврска за пријавување на приватен интерес со воведување на изјава при изборот на функција, односно стекнување статус на државен службеник или лицата со посебни должности и овластувања утврдени со закон. Во однос на заклучоците од јавната расправа на НСЕИ за "*потребата за допрецизирање на одредбите на Законот и појаснување на опфатот*", направени се соодветни измени и допрецизирања во повеќе членови од Предлогот на законот.

Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници се донесе во Собранието на Република Македонија на 10 септември 2009 година. Со измените и дополнувањата на Законот се обезбедува воведување на европските стандарди и критериуми за создавање на професионална, стручна и ефикасна државна администрација во функција на подобрување на спроведувањето на Законот, како и во функција на остварување на правата и слободите на граѓаните. Донесувањето на овој закон беше и со цел исполнување на Шесттата одредница за добивање на позитивен извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година, како и добивање на препорака за почеток на преговорите (2 точка од Заклучоците на НСЕИ). Во врска со воведување на највисоки европски стандарди и критериуми за создавање постручна и попрофесионална државна администрација, во Законот е опфатено стекнување на кредити според ЕКТС. Вградувањето на ЕКТС е услов за стекнување со едно од стручните звања во државната служба. Во однос на заклучокот од јавната расправа кој се однесува на професионализацијата на државната служба и нејзината деполитизација, во Законот стои дека одлука за избор се објавува на огласна табла и на веб



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

страната на АДС, на оваа одлука кандидатот има право на жалба, а постапката за селекција е преку административна селекција и интервју.

Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи беше донесен во Собранието на Република Македонија на 28 октомври 2009 година. Во Предлогот на законот биле прифатени и земени предвид заклучоците од јавната расправа кои се однесуваат на репрезентативноста на синдикатите каде е дефинирана поголема слобода на синдикалните организации. Во врска со социјалниот дијалог, земено е предвид поголемо учество на повеќе организации со цел да се избегне монополот. И понатаму останува да се обезбеди функционалност на економско-социјалниот совет.

Заклучоците на НСЕИ од јавната расправа на темата "Политиките за унапредување на животната средина во Република Македонија", како и заклучоците од расправата по работната верзија на Предлогот на законот за авторското право и сродните права доставени се до Владата на Република Македонија, надлежното министерство и надлежната собраниска комисија. Ефектите од заклучоците ќе се следат во текот на 2010 година.

*Усвојување на заклучоците од јавните расправи на НСЕИ*

За секоја организирана јавна расправа одделно, беа подготвени предлог на заклучоци кои се усвојуваа на редовни седници на НСЕИ. По усвојувањето, заклучоците на Советот заедно со стенографските белешки од јавната расправа беа доставени до Владата на Република Македонија, надлежното министерство, претседателот на Собранието, надлежната собраниска комисија и Законодавно правната комисија.

## ПРИСУСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ И ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СЕДНИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ, ОРГАНИЗИРАНИТЕ ЈАВНИ РАСПРАВИ И ОДРЖАНИ СРЕДБИ ОД МЕЃУНАРОДЕН КАРАКТЕР И НИВНО УЧЕСТВО ВО ДИСКУСИИТЕ

Предмет на анализа на присуството на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции и нивното учество во дискусиите беа одржаните седници на НСЕИ, организираните јавни расправи и средбите од меѓународен карактер, во периодот од септември 2008 до декември 2009 година. Во предвид беа земени податоците од посебните списоци за евиденција на присуство на членовите и претставниците на НСЕИ (за седници, јавни расправи и средби), записниците од седници и стенографските белешки.

Дадените податоци за присуството и учеството на средбите од меѓународен карактер се однесуваат на седум одржани средби во периодот март -декември 2009 година, на кои беа поканети сите членови и претставници на НСЕИ.



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

*Присуство на седниците на НСЕИ, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер*

| Активности / член / претставник | Средби / 7 | | Јавни расправи / 9 | | Седници / 10 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Присуство | Процент | Присуство | Процент | Присуство | Процент |
| Радмила Шекеринска | 5 | 71% | 6 | 66% | 10 | 100 % |
| Силвана Бонева | 5 | 71% | 8 | 89% | 10 | 100 % |
| Александар Николовски | 4 | 57% | 4 | 44% | 5 | 50 % |
| Кенан Хасипи | 5 | 71% | 6 | 66% | 9 | 90 % |
| Андреј Жерновски | 2 | 28% | 4 | 44% | 8 | 80 % |
| Тито Петковски | 5 | 71% | 5 | 55% | 9 | 90 % |
| Џеват Адеми | 2 | 28% | 6 | 66% | 5 | 50 % |
| Флора Кадриу | 6 | 85% | 4 | 44% | 5 | 50 % |
| Петар Поп Арсов | 7 | 100% | 6 | 66% | 9 | 90 % |
| Теута Арифи | 1 | 14% | 0 | 0% | 2 | 20 % |
| Александар Спасеновски | 5 | 71% | 4 | 44% | 8 | 80 % |
| Ивица Боцевски/ Васко Наумовски | 2 | 28% | 3 | 33% | 7 | 70 % |
| Наташа Савова Салкова/ Димитар Мирчев | 4 | 57% | 4 | 44% | 7 | 70 % |
| Сашко Стефков | 4 | 57% | 1 | 11% | 6 | 60 % |
| Владо Камбовски | 2 | 28% | 0 | 0% | 5 | 50 % |
| Коце Трајановски/ Зоранчо Алексов | 2 | 28% | 1 | 11% | 4 | 40 % |
| Роберт Поповски | 2 | 28% | 0 | 0% | 4 | 40 % |
| Бранко Азески/ Љубица Нури | 4 | 57% | 4 | 44% | 7 | 70 % |
| Мирче Чекреџи | 3 | 42% | 1 | 11% | 6 | 60 % |
| Ванчо Муратовски/ Зоран Мироновски | 3 | 42% | 3 | 33% | 3 | 30 % |
| Дојчин Цветановски | 4 | 57% | 4 | 44% | 7 | 70 % |
| Слободан Антевски | 2 | 28% | 7 | 77% | 6 | 60 % |
| Александар Кржаловски | 5 | 71% | 2 | 22% | 9 | 90 % |
| Негово Преосвештенство епископ Хераклејски Климент/ Ѓоко Ѓоргески | 1 | 14% | 0 | 0% | 3 | 30 % |
| Скендер Бузаку | 4 | 57% | 2 | 22% | 8 | 80 % |
| Томе Колев | 2 | 28% | 2 | 22% | 3 | 30 % |
| Вилма Венковска-Милчев | 0 | 0% | 0 | 0% | 3 | 30 % |
| Жаклина Мучева | 3 | 42% | 0 | 0% | 3 | 30 % |



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

*Учество во дискусија на седниците на НСЕИ, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер*

| Активности<br>член / претставник | Средби/7 | | Јавни расправи/9 | | Седници/10 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Учество во дискусија | Процент | Учество во дискусија | Процент | Учество во дискусија | Процент |
| Радмила Шекеринска | 5 | 71% | 6 | 66% | 10 | 100% |
| Силвана Бонева | 5 | 71% | 8 | 89% | 8 | 80% |
| Александар Николовски | 0 | 0% | 1 | 11% | 4 | 40% |
| Кенан Хасипи | 3 | 43% | 4 | 44% | 9 | 90% |
| Андреј Жерновски | 1 | 14% | 0 | 0% | 4 | 40% |
| Тито Петковски | 4 | 57% | 1 | 11% | 9 | 90% |
| Џеват Адеми | 2 | 28% | 1 | 11% | 2 | 20% |
| Флора Кадриу | 6 | 85% | 1 | 11% | 3 | 30% |
| Петар Поп Арсов | 2 | 28% | 0 | 0% | 3 | 30% |
| Теута Арифи | 1 | 14% | 0 | 0% | 1 | 10% |
| Александар Спасеновски | 3 | 43% | 0 | 0% | 2 | 20% |
| Ивица Боцевски/ Васко Наумовски | 2 | 28% | 3 | 33% | 7 | 70% |
| Наташа Савова Салкова Димитар Мирчев | 0 | 0% | 0 | 0% | 4 | 40% |
| Сашко Стефков | 1 | 14% | 0 | 0% | 1 | 10% |
| Владо Камбовски | 2 | 28% | 0 | 0% | 3 | 30% |
| Коце Трајановски/ Зоранчо Алексов | 0 | 0% | 1 | 11% | 1 | 10% |
| Роберт Поповски | 1 | 14% | 0 | 0% | 2 | 20% |
| Бранко Азески/ Љубица Нури | 1 | 14% | 0 | 0% | 6 | 60% |
| Мирче Чекреџи | 1 | 14% | 0 | 0% | 3 | 30% |
| Ванчо Муратовски/ Зоран Мироновски | 0 | 0% | 0 | 0% | 1 | 10% |
| Дојчин Цветановски | 0 | 0% | 0 | 0% | 1 | 10% |
| Слободан Антевски | 0 | 0% | 0 | 0% | 2 | 20% |
| Александар Кржаловски | 2 | 28% | 0 | 0% | 5 | 50% |
| Негово Преосвештенство епископ Хераклејски Климент/ Ѓоко Ѓоргески | 0 | 0% | 0 | 0% | 1 | 10% |
| Скендер Бузаку | 2 | 28% | 2 | 22% | 6 | 60% |
| Томе Колев | 0 | 0% | 1 | 11% | 2 | 20% |
| Вилма Венковска-Милчев | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Жаклина Мучева | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0 |



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

## СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Поаѓајќи од тоа дека Националниот совет за евроинтеграции усвојува мислења и дава насоки кои ги обединуваат ставовите на законодавната и извршната власт и на граѓанската платформа по мошне значајните прашања за евроинтеграциите, е предвидено неговите стручни, административни и други работи да ги вршат Службата на Собранието на РМ и Секретаријатот за европски прашања.

Согласно со Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија, е формиран Сектор за поддршка на работата на Националниот совет за евроинтеграции.

Со актите за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија се утврдени работните места што се потребни за вршење на работите од надлежност на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, нивниот вкупен број, звањата за работните места, распоредот и описот на работните места.

Во Секторот се предвидени 12 работни места, и тоа: раководител на Секторот, помошник раководител на Секторот, раководител на Одделението за поддршка на работата на Националниот совет за евроинтеграции, двајца советници за остварување на соработката на Националниот совет за евроинтеграции, виш соработник за стручни работи, помлад референт за административни и технички работи, раководител на Одделението за следење на евроинтеграциите, двајца советници за евроинтеграции, советник за следење на преговорите и виш соработник за стручни работи.

До јули 2009 година за работа во Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции беа ангажирани двајца извршители, раководител на Секторот и помлад референт за административни и технички работи. Исто така. до јули 2009 година за работа во Советот беа ангажирани и двајца државни советници за меѓународна соработка од Службата на Собранието на Република Македонија.

Во овој момент, во Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции се вработени девет лица. Одделението за поддршка на работата на НСЕИ е во целост екипирано со пет извршители, а во Одделението за следење на евроинтеграциите од предвидените пет, вработени се три извршители. За целосно екипирање на Секторот е потребно да се вработат уште три извршители, помошник на раководителот на Секторот, советник за евроинтеграции и виш соработник за стручни работи.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции на собраниската интернет страница редовно објавува соопштенија и известувања за сите реализирани активности на Националниот совет за евроинтеграции,



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

одржани седници и средби, како и организирани јавни расправи. Исто така, редовно се објавуваат поважни актуелни ЕУ новости поврзани со европските политики и европското законодавство.

Имајќи ги предвид надлежностите и целите на Националниот совет за евроинтеграции, како и задачите и обврските на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции потребно е на службениците кои ги извршуваат задачите за потребите на Секторот да им се овозможат посеопфатни и континуирани ЕУ обуки во насока на нивно стручно и професионално усовршување што секако ќе се одрази на подобрување на квалитетот во исполувањето на нивните редовни работни задачи и обврски.

За потребите на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции во овој момент се обезбедени соодветни технички и просторни услови за оптимална работа.



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)